20260370611

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25 и 258/25) министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО

Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14, 182/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/21) во член 8 став (3) алинејата 1 се менува и гласи:

„-за возилата од член 2 став (1) од овој правилник, потврда за исполнување на техничките барања во оригинал издадена од производителот или од застапникот на производителот, односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник или потврда за исполнување на техничките барања издадена од независна институција наведена во Договорот за донесување на униформни (еднообразни) технички прописи за возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возила на тркала, како и за условите за реципрочно признавање на одобрувањата издадени врз база на тие прописи (Спогодба од 1958) која ќе биде прифатена од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник;“.

Член 2

Во член 23 став (3) алинејата 3 се менува и гласи:

„-потврда за исполнување на техничките барања во оригинал издадена од производителот или од застапникот на производителот, односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник или потврда за исполнување на техничките барања издадена од независна институција наведена во Договорот за донесување на униформни (еднообразни) технички прописи за возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возила на тркала, како и за условите за реципрочно признавање на одобрувањата издадени врз база на тие прописи (Спогодба од 1958) која ќе биде прифатена од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник;“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 47-2154/1
23 февруари 2026 година
Скопје

Министер за енергетика
рударство и минерални
суровини,
**Сања Божиновска,** с.р.